## 12. 6 Фамилија Пауноој ( 12 ) односно Пауновски, Лешок- Скопје

Во Лешок јас слушав и се сретнував многу често со името Паун. Така, повеќе лица ги викавме Пауноој ( баба Драганица, аџо Иван, Симо и Јоше, Сандро, Васко и др. но. имаше и Пауноски ливаде, под Булино и западно од Костоо.

Од родот Лалошои од Лешок постепено се издвојува и се формира нова Фамилија Пауноој односно Пауновски. Името на фамилијата е добиено по Паун(12) од 5-то колено, кој е син на поп Симон (06). Паун и еден од четирите синови на поп Симон (06). Симон имал четири сина: Паун(12), Јоан(13), Онуфрие(14) и Петре(15). Инаку, во минатото потомците на Паун повеќето население од Лешок гиословува како Пауноој, а поретко Лалошоој. Потомците на Паун со гордост кажуваат дека се од Пауноој односно Пауновски. Од седмото колено јас ги знам и се сеќавам на баба Драганица, која беше удовица, а беше мајка на аџо Иван Пауновски, Јоше и Симо Симоновски (види: Табела бр.1 и бр. 2 , потоа, Табела бр. 3, 7, 8, 9, 13, 17, 19-б, 26, 27, 28 и 29).

Потомци на Паун од Лешок, Јас, евидентирав и обработив 79 лица, кои се искажани во Табела бр. 19-б, а други податоци може да се видат и во другите табели, а особено во Табела бр., 26, 27, 28 и 29 на крај од книгава (види: Табела бр. 1, 2, 19-б, 26, 27, 28 и 29).

Паун има еден син Стојан(22), а Стојан има 5 деца: Дара(48), Лада(49), Драган(50), Јоше(51) и Симо(52).

Дара(48) има ќерка Живка и Љубица. Живка е мажена во Белград и има ќерка Јасмина.

Лада(49) е мажена во Непроштено и има четири деца: Велико, Загорка, Милица и Блага.

Велико Сотировски(139) и Мира од Роотинце се селат во Детроит и имаат два сина: Тами кој е машински инжењер и Стефан економист, работи во Форд.

Загорка Кочовска (140) од Непроштено е мажена во Слатина за Петко Трпчевски и имаат син Душко и ќерка Весна Геговска, која работи во продавница на Жито лукс во Скопје. Петко е пакар во Жито лукс и имаат син Драги Трпчевски кој има фурна во Душановац кај Белград и со Ксенија имаат ќерка Силвија. Весна има ќерка Милица и Јасмина.

Милица Богдановска од Непроштено(141) се мажи за Трпко од Челопек и се селат во Детроит и работат во Крајслер, а имаат ќерка Рози и син Роберт. Рози Марковска завршила економски факултет и има докторат, мажена е за Љубиша од Прељубиште кој има машински факултет и работи во Крајслер, а имаат ќерка. Роберт Марковски работи во Форд, Детроит и со жената Даниела од Ратае имаат ќерка.

Блага(142) со Бошко Матовски од Вратница работи во Форд Детроит и имаат ќерка Слаѓана и син Дејан. Слаѓана со Звонко од Јегуновце имаат кафана во Детроит и имаат 3 деца: Габриела, Кристина, Даниела , а Дејан Матовски е електро инжењер и со Кети на која баба и е од Ратае имаат два близнаци: Дики и Метју.

Драган Пауновски(50) млад умира и има две деца: Иван и Славка.

Иван Пауновски(143) работеше во ХЕК Југохром и во Лешок имаше прв камион и оженет е за Ратка од Брезно. Аџо Иван направи нова куќа во Ќулечио до чичко

ми Слободан, но, остана да живее во старата куќа, а во новата живее Илчо, синот на сестра му Славка.



(Иван Пауновски и Крсто Дамјановски големи ривали за играње карти, заедно со Спироски Стојан и др. )
(Ivan Paunovski and Krsto Damjanovski , rivals for playing cards with Spiroski Stojan etc.)

Славка се мажи за Столе Богдановски Форчев од Цинцарооj во Лешок и имаат два сина: Лазо и Иљчо. Лазо Богдановски со Дивна од Кокооj од Лешок имаат син Стојанче и ќерка Елена. Иљчо Богдановски со Светлана,медицинска сестра од Теарце имаат ќерка Славица и син Ивица.

Јоше(51) има 4 деца: Ане(145), Миљан(146), Столе(147) и Стојна(148)

Ане Стојановски- Чита(145) со Горица од Лешок имаат две ќерки: Вукица и Мирјана. Вукица е мажена за Славко Цор од Кокооj и имаат ќерка и син Перица, а Мирјана е медицинска сестра во Мед. Центар Тетово и има две деца, а ќерката се вика Ивана.

Миљан Стојановски Чочола(146), со жената Јорданка од Белојште имаат три деца: Живко, Љубиша и Снешка. Живко Стојановски е наставник по фискултура, како и сопругата Жане од Виница која исто така има ДИФ и имаат ќерка Јорданка. Љубиша Стојановски работи во Кожара Тетово и со жена му Ева од Полска имаат син Милан и ќерка Милена. Снешка со Мирче, моделар и со потекло од Отуње (дедо му) имаат две ќерки: Исидора која е мажена и Маја е студент во САД.

Столе Симоновски (147) работеше во Македонска книга, Скопје- продвач на книги и со Благица Симовска од Лешок имаат две ќерки: Валентина и Светлана. Валентина е лекар и мажена е за Горан Коевски-проф. Правен факултет и имаат син Марко и Андреа. Светлана е посвоена за Стојна, сестра на Столе

Стојна Георгиевска (148) е мажена за Перо од Сетоле ја посвојуваат Светлана, ќерката од братот Столе. Светлана е економист и се мажи за Борче Радевски од Скопје, стоматолог во Млин Балкан и имаат три деца: Дарко, Иван и Стефан.

Симо Симоновски(52) има 4 деца: Александар(149), Васко(150), Марика(151) и Божана(152).

Александар -Сандро Стојановски (149) има Виша школа, работи во Југохром и со сопругата Зорица од Вратница имаат две ќерки: Сузана и Валентина. Сузана работи во ОХИС и со Никола Малинов од с. Сопот, Св. Николе имаат две деца: Елена, студент во Софија за креирање и Костадин Малинов, студент на Богословски факултет. Валентина, работи во Македонска книга и во Друштво на преведувачи Скопје. Валентина со мажот Вачо Митевски имаат две деца: Кристина, ученик во Гимназија Раде. Ј. Корчагин Скопје и Бобан Митевски заврши Богословски Факултет,почна да работи како асистент на Богословскиот факултет во Скопје, во 2009 година заминае на студиски престој во Москва.



Сандро С. Стојановски
Sandro S. Stojanovski



Бобан В. Митевски
Boban V. Mitevski

Васко Стојановски (150) работи во Англија, со Милица од Јанчиште има две ќерки: Жаклина и Ангела, а со Јелица донесено има дете Горан. Жаклина е мажена во Лешок за син на Перо и Дафинка Глигуровски и имаат две ќерки: Стефани и Емилија, додека Ангела е мажена за Славко Кировски од Кокооj од Лешок и имаат две деца: Јелена и Димитар.

Марика Јанчевска(151) е мажена за Атанас од Белојште, работат во Германија и имаат две деца: Јулијана и Звонко и двајцата се оженети. Јулијана има син Александар.

Божана е мажена за Димитрија Чујовиќ од Бијело Поле, Црна Гора и умира многу млада.




( Александар Стојановски и внукот Бобан Митевски од Пауноој и лица од Лешок, Јануари 2005 г.)
( Aleksandar Stojanovski and grandson Boban Mitevski at Paunooj and many other peoples, Lesok, January 2005.)



(Голема Богородица, 1958, Иван Пауновски,Јоанче Коцевски, Јове Поповски, Крсто Дамјановски, АнѓелкоВасовски, Трипун Богдановски, Добре Војновски и други лица од Лешок)
(The Assumption , 1958, Ivan Paunovski,Joance Kocevski, Jove Popovski, Krsto Damjanovski, AngelkoVasovski, Tripun Bogdanovski, Dobre Vojnovski etc. - Lesok)